Република Северна Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 14**

**02.10.2024**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година**

1. Ја објавувам ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година, донесен на 40-та седница на Совет н Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/1** **Градоначалник**
**02.10.2024 година** **Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр. 84/2008 год), член 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008 год) , како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/2002 год), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.09.2024 година донесе

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**
**За организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година**

**Вовед**

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи можни се нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот и останатите населени места, особено при изненадувањата од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно следење на метеоролошките услови на интернет страниците со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2023/2024 година покрај горенаведените подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при МВР Демир Хисар и Секцијата на Македонија пат Битола со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така, граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот, во овој случај движењето на специјалните возила за чистење снег. Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите гореспоменати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од тротоарите, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**Цел на програмата**

Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2024/2025 година има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Демир Хисар и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите на реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2024/2025 година, физичкиот обем на работите е утврден согласно со приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистењето на снегот им се дава на патиштата по кои се одвива превоз на ученици, додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат Битола.

Чистењето на снегот и голомразицата се одвива по приоритет на улици утврден во групи според следниот преглед:

**Приоритетни патишта од прв ред на подрачјето на Општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:**

| Ред. Бр. | Патен правец | Должина во км | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат R1305 - Смилево | 10 | |
| 2 | Врска рег. пат R1305 – Стругово | 2,5 | |
| 3 | Врска Стругово - Загориче | 2 | |
| 4 | Врска рег. пат R1305 – Вардино – крак Суводол | 1,5 | |
| 5 | Врска рег. пат R1305 - Кутретино | 2 | |
| 6 | Врска рег. пат R1305 - Слепче | 2 | |
| 7 | Врска рег. пат R1305 - Вардино | 5 | |
| 8 | Врска рег. пат R29371 - Слоештица | 4 | |
| 9 | Врска рег. пат R29371 - Вирово | 3 | |
| 10 | Врска рег. пат R1306 - Журче | 0,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Врска рег. пат R1305 - Велмевци | 1,5 | |
| **ВКУПНО:** | | **34** | |

**Приоритетни патишта од втор ред на подрачјето на Општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:**

| **Ред. Бр.** | **Патен правец** | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат R1305 - Зашле | 11 | |
| 2 | Врска рег. пат R1305 – Мало Илино | 5 | |
| 3 | Врска рег. пат R1305 - Кочишта | 12 | |
| 4 | Врска рег. пат R1305 - Базерник | 5 | |
| 5 | Врска рег. пат R29371 - Мренога | 1 | |
| 6 | Врска рег. пат R2339 - Единаковци | 1 | |
| 7 | Врска рег. пат R2339 - Света | 1 | |
| 8 | Врска рег. пат R1305 - Жван | 1,5 | |
| 9 | Врска рег. пат R1305 – Радово (крак Суво Грло) | 1 | |
| 10 | Врска рег. пат R1305 - Сопотница | 1 | |
| 11 | Врска рег. пат R1305 - Железнец | 0,5 | |
| 12 | Врска рег. пат R1306 - Сладуево | 0,5 | |
| 13 | Врска рег. пат R2339 - Вардино | 1,5 | |
| 14 | Врска рег. пат R2339 - Бараково | 0,5 | |
| 15 | Врска рег. пат R1305 – Кочишта (крак Ракитница) | 1,5 | |
| 16 | Врска рег. пат R1305 – Кочишта (крак Прибилци) | 0,5 | |
| 17 | Врска рег. пат R1305 – Кочишта (крак Ново Село) | 0,5 | |
| 18 | Врска рег. пат R1305 - Радово | 6 | |
| **ВКУПНО:** | | **51** | |

| **Ред. Бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Улици во градот Демир Хисар | **10** | |
| 2 | Улици по населени места каде има пристап со возило за чистење | **10,95** | |
| | Смилево | **0,70** | |
| | Стругово | **0,80** | |
| | Кутретино | **0,15** | |
| | Суводол | **1,40** | |
| | Слепче | **1,50** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Прибилци | **0,50** | |
| | Сопотница | **1,60** | |
| | Жван | **0,50** | |
| | Вардино | **0,70** | |
| | Единаковци | **0,70** | |
| | Света | **1,00** | |
| | Слоештица | **0,50** | |
| | Белче | **0,70** | |
| | Утово | **0,20** | |

| | | |
|---|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **105,95** | |

Чистењето на општинските патишта и улици ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар или претпријатие кое ќе биде избрано преку јавен тендер согласно Законот за јавни набавки и со кое ќе биде склучен договор.

**Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, најпрво ќе се третираат приоритетните патишта од прв ред, а потоа сите останати, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот.

Доколку снегот на коловозот е над 10см се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се ИЦБ, товарувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар или избраното претпријатие, додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

**Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејства на чистење на снегот од коловозите, овластеното лице за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2024/2025 година, ќе го извести Секторот за сообраќај при МВР Демир Хисар за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикасно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот, односно некои улици да се затворат т.е. да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите.

Средствата за чистење на снегот ги обезбедува Општина Демир Хисар согласно **Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици.**

Доколку има потреба за повеќе пати чистење на снег на патиштата од оваа Програма потребно е да се обезбедат дополнителни средства со помош на Советот на општината.

Надзор над состојбата на патиштата и следење на извршувањето на оваа програма го врши лицето назначено од Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/2 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година со бр. 01-254/1 од 26.08.2024 година, усвоен од Училишен одбор со

Одлука бр. 02-253/6 од 26.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/3 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година бр. 01-255/1 од 26.08.2024 година, усвоена од Училишен одбор со Одлука бр. 02-253/7 од 26.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на СОГЛАСНОСТ за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година**

1. Ја објавувам СОГЛАСНОСТА за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/4 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 28 од Законот за средно образование (Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 ,67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007,81 /2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 ,51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 4120/14, 116/2014, 135/2014, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18, 229/20) и согласно член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02,4/05, 7/09,16/13 и 18/14,10/19, 07/21 и 21/23) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**

**За формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ,,Крсте П.Мисирков,, Демир Хисар**

1.Паралелките за кои се дава согласност треба да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледот што е во прилог на оваа согласност.

2.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки, претставуваат старо финансирање.

3.Согласноста се дава за учебна 2024/2025 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

СОУ,, Крсте П.Мисирков,, Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар поднесе барање на согласност заведено со архивски број 03-327/1 од 16.09.2024 година за работа на паралелки со помал број на ученици од 25, за учебна 2024/2025 година.

Врз основа на своите законски надлежности, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот го разгледа поднесеното барање на училиштето и одлучи да даде согласност за работа на паралелките со помал број на ученици од 25, како што се наведени во приложениот преглед.

**Бр.17- 884/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на дадена согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25**
**во СОУ,,Крсте П.Мисирков,,Демир Хисар за учебна 2024/2025 година**

| Општина | Средно училиште | наставен јазик | I година (гим-9,ел-25,шум- | | II година (гим-7,ел.21,шум-8) | | III година (гим-9,ел-5,шум-14) | | IV година (гим-3,ел-18,шум-15) | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | 36 | 3 | 36 | 3 | 28 | 3 | 36 | 3 | 146 | 12 |
| | | ВКУПНО | 46 | 3 | 36 | 3 | 28 | 3 | 36 | 3 | 146 | 12 |

| Општина | Средно училиште | гимназиско образование | I година | | II година | | III година | | IV година | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | 9 | 1 | 7 | 1 | 9 | 1 | 3 | 1 | 28 | 4 |
| | | ВКУПНО | 9 | 1 | 7 | 1 | 9 | 1 | 3 | 1 | 28 | 4 |

| Општина | Средно училиште | стручно образование шумарска струка | I година | | II година | | III година | | IV година | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | 12 | 1 | 8 | 1 | 14 | 1 | 15 | 1 | 49 | 4 |
| | | ВКУПНО | 12 | 1 | 8 | 1 | 14 | 1 | 15 | 1 | 49 | 4 |

| Општина | Средно училиште | стручно образование електротехничка струка | I година | | II година | | III година | | IV година | | IV година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки | ученици | паралел-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | 25 | 1 | 21 | 1 | 5 | 1 | 18 | 1 | 69 | 4 |
| | | ВКУПНО | 25 | 1 | 21 | 1 | 5 | 1 | 18 | 1 | 61 | 4 |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Најдовски



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/5 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември„ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година бр. 01-57/1 од 29.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05,

7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/6 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември„ Демир Хисар за 2024/2025 година бр. 01-57/2 од 29.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Развоен план на**

**ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од 2024 до 2027 година**

1. Го објавувам ЗАКЛУЧОКОТ за усвојување на Развоен план на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од 2024 до 2027 година, донесен на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/7 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Развоен план на ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за период од 2024 година до 2027 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Развоен план на ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за период од 2024 година до 2027 година, број 0102-58/1 од 29.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А за давање С О Г Л А С Н О С Т за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година**

1. Ја објавувам ОДЛУКАТА за давање Согласност за зголемен, односно намален број на деца

организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година, донесена на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/8 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), и член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање С О Г Л А С Н О С Т**

**за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година бр.02-56/4 од 29.08.2024 година донесена од Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.

Член 2

Одлуката за давање Согласност е составен дел на Одлуката за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година бр.02-56/4 од 29.08.2024 година, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/10Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2024/2025**

1. Ја објавувам ОДЛУКАТА за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2024/2025, донесена на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/9 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), како и член 67 став 6 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2024/2025**

Член 1

Се утврдува работно време во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2024/2025, и тоа со почеток на работно време од 6:30 часот и завршеток на работно време 16:30 часот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2025 година**

1. Ја објавувам ОДЛУКАТА за давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2025 година, донесена на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/10 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), како и член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.09.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2025 година**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2025 година со број 01-29/1 од 02.05.2024 година, донесена со Одлука од Управен одбор број 02-56/5 од 29.08.2024 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/12Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А за доделување на финансиски средста на ЈОУДГ ,,Втори Септември" Демир Хисар**

1. Ја објавувам ОДЛУКАТА за доделување на финансиски средста на ЈОУДГ ,,Втори

Септември” Демир Хисар, донесена на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-927/11 Општина Демир Хисар**
**02.10.2024 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02), член 94 став 2 од Статутот на Општна Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 07/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.09.2024, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиски средста на ЈОУДГ ,, Втори Септември” Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар, во рамките на можностите на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Демир Хисар за 2024 година и истите ќе се исплатат на жиро сметка на ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ.

Средствата ќе се исплатат врз основа на доставено барање за подмирување на фактура за нафта и доставена фактура на ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ од страна на ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар, заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр. 17-908/1 од 26.09.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/13Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05,

7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1. Ја објавувам ОДЛУКАТА за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, донесена на 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 27.09.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-927/12** | **Општина Демир Хисар** |
| **02.10.2024 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | **Никола Најдовски с.р.** |

Врз основа член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 275/19, 89/22 и 274/22) ), како и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

Член 1

Се дава согласност на Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со бр.02-114/2 од 23.09.2024 година, утврдени со Одлука на Управниот одбор на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со бр.02-130/3 од 26.09.2024 година.

Член 2

Согласноста е составен дел на Ценовникот за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со бр.02-114/2 од 23.09.2024 година.

Член 3

Со донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие Дехи Транс Демир Хисар бр.17-771/13 од 27.08.2024 година (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.13/2024).

Член 4

Одлуката стапува во сила од 30-ти Септември 2024 година, а ќе се објави во

Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 884/14Совет на Општина Демир Хисар**
**27.09.2024 година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

**Д О Г О В О Р**

**ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Склучен помеѓу:

1. Општина Демир Хисар, со седиште на ул. „Битолска" бр.8 Демир Хисар, застапувана од Градоначалникот на Општина Демир Хисар м-р Никола Најдовски, од една страна и

2. Општина Могила, со седиште во Могила, застапувана од Градоначалникот Драганчо Саботковски, од друга страна

Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), и член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на Р.М." бр.79/2009), за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините во областа на инспекциски надзор-инспекторат, преку овластен инспектор за животна средина од страна на Општина Демир Хисар, а за сметка на Општина Могила.

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува овластениот инспектор за животна средина, вработен во Општина Демир Хисар, во одделението за инспекциски надзор-инспекторат, на работно место Помлад иснпектор за животна средина а се предмет на овој Договор, да ги извршува во име и за сметка на Општина Могила.

Член 3

Со овој Договор овластениот инспектор за животна средина, вработен во Општина Демир Хисар, за извршување на работите што се предмет на овој Договор во Општина Могила ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

Член 4

За работното ангажирање на вработеното лице од Општина Демир Хисар, Општина Могила се обврзува да исплаќа финансиски средства за патни трошоци или да обезбеди превоз, согласно законските прописи.

Член 5

Овластениот инспекор за животна средина, вработен во Општина Демир Хисар, својата работа во Општина Могила ќе ја извршува по повик од Градоначалникот на Општина Могила.

Член 6

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор ќе се вршат со Анекс кон овој Договор.

Член 7

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишување од страна на двете договорни страни, а се склучува за времетраење од една (1) година, најдоцна до 31.07.2025 година.

Член 8

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни.

Овој Договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

Член 9

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решаваат, во спротивно надлежен е Основниот суд во Битола.

Член 10

Овој Договор е составен од 4 (четири) еднобразни примероци, по два за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **Бр.17-201/5** | **Бр.03-70/2** |
| **05.08.2024 година** | **08.08.2024 година** |
| **Општина Демир Хисар** | **Општина Могила** |
| **Градоначалник** | **Градоначалник** |
| **Никола Најдовски с.р.** | **Драганчо Саботковски с.р.** |

Врз основа на член 9 и член 29 став 1, 2 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/09) член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/02), Градоначалникот на општината Битола Тони Коњановски и Градоначалникот на општината Демир Хисар Никола Најдовски на ден 21.08.2024 година, склучија:

**Д О Г О В О Р**

**за меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Предмет на овој договор е меѓуопштинска соработка-заедничко вршење работи од надлежност на општините, кои се однесуваат на превоз на ученици од страна на Јавното Претпријатие „Дехи Транс“ основано од општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола.

**Член 2**

Општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола преку своето јавно претпријатие за превоз „Дехи Транс“, ќе врши превоз на ученици од демирхисарските населени места до Демир Хисар за учениците за кои Општина Битола треба да обезбеди бесплатен превоз, а истите учат во средните училишта во Општина Битола.

Трошоците за превоз на учениците од населените места во Општина Демир Хисар до Општина Демир Хисар ќе бидат утврдени согласно ценовникот донесен со одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

**Член 3**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период додека трае потребата од превоз на ученици.

**Член 4**

Овој договор може да се раскине по слободна волја на една од договорните страни, по претходно известување на друга.

**Член 5**

Договорните страни се согласни евентуалните спорни односи да ги разрешуваат на спогодбен начин, а во краен случај пред надлежен суд во Битола.

**Член 6**

Овој договор е склучен во 6 примероци по три за двете договорни страни и истиот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-1291/2023-3** | **Бр.08-261/5** |
| **21.08.2024 година** | **21.08.2024 година** |
| **Општина Битола** | **Општина Демир Хисар** |
| **Градоначалник** | **Градоначалник** |
| **Тони Коњановски с.р.** | **Никола Најдовски с.р.** |

-----------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година ----------------------------1-5

2.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година ----------------------------5-6

3.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ ,, Крсте П.Мисирков,, Демир Хисар за учебната 2024/2025 година ----------------------------6-7

4.СОГЛАСНОСТ за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ,,Крсте П.Мисирков,, Демир Хисар -----------------------------------------------------7-8

5.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година -------------------------------9

6.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година ------------------------------------------10

7.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Развоен план на ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за период од 2024 година до 2027 година ------------------------------------------11

8.ОДЛУКА за давање Согласност за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година -----------------------------12

9.ОДЛУКА за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2024 ----------------------------------------------------------13

10.ОДЛУКА за давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2025 година -----------------------------------14

11.ОДЛУКА за доделување на финансиски средста на ЈОУДГ ,, Втори Септември" Демир Хисар ------------------------------------15

12.ОДЛУКА за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар ----------------------------16

13.ДОГОВОР за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила ---------------------------------------17-18

14.ДОГОВОР за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Битола -----------------------------------------18-19

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**